Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002 и "Службен весник на Р.С.М." бр.202/2024), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18) и "Службен весник на Република Северна Македонија бр 244/19,82/2020, 53/21, 77/21, 150/21,173/22 и 170/2024)" член 31 од законот за буџетите("Службен весник на Р.М." број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, и"Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21, 87/22) и член 93 став 2 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Р.М." број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, и 210/24), одредбите од Колективниот договор на општина Василево и член 22 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на Општина Василево бр.12/2020), Советот на општина Василево на 48 ма седница одржана на ден 10.04.2025 година донесе

# Одлука

За измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2025 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2025 година "Службен гласник на Општина Василево" бр 15/2024 во преамбулата кај законот за буџети се брише Службен весник бр 203/2022 член 5 став 1 се брише зборот "основниот "

**Член 2**

Во член 5 став 1 се брише зборот "основниот "

**Член 3**

Во Член 14 став 1 после зборовите "општинска администрација –Е0"се додава, за вработените од основно образование исплата за регрес за годишен одмор ќе се врши од програмата Н1, а за детски градинки исплата ке се врши од програмата В1

**Член 4**

Член 15 во ставот 1 се додава, за вработените во општинската администрација од програмата Е0,за вработените во образованието од програмат Н1, а за вработените во детската градинка во програмат В1

**Член 5**

Член 18 во ставот 5 после зборовите тековна година се додава,исплатите од членот 18 ќе се вршата за општинската администрација од програмата Е0, додека за образование ке се врши исплата од програмата Н1 а за детски градинки од програмата В1

**Член 6**

Член 19 во ставот 1 после зборовите општинска администрација се додава ,исплатите за образование ќе се врши исплата од програмата Н1 а за детски градинки од програмата В1.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Василево",

Претседател на советот
на Општина Василево
Ристо Делијанов

Бр 08-498/1
10.04.2025